# Изградба на локален пат кој ги поврзува селата Муртино и Еднокуќево во должина од - 1.387 метри - втора фаза

Патниот транспорт и инфраструктура играат клучна улога во економскиот развој, зголемувањето на бројот на туристите во регионот, подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните од околните населени места, пристапот на земјоделците до своите ниви и до пазарите на големо, развивањето на современа и функционална инфраструктура, како и на животниот стандард на населението.

Целта на овој проект е развој на патна инфраструктура во должина од околу 1390 м што ќе ги поврзува селата Муртино и Еднокуќево.

Подобрената патна инфраструктура ќе овозможи олеснета комуникација помеѓу трите општини, побрз и побезбеден транспорт на патници и стока, а од најголемо значење ќе биде за земјоделците кои секојдневно ќе можат да го користат овој пат со цел полесно пристигнување до земјоделските површини и пренесување на готовите производи до пазарите кои се наоѓаат во близина на микро-регионот.

Изградбата на локалниот пат од с.Муртино до с.Еднокуќево до крајна фаза асфалтирање и негово користење ќе биде од голема важност за граѓаните од овие населени места бидејќи ќе се оствари поголема соработка помеѓу трите општини, како и подобрување на локалниот економски и туристички развој.









## Краток опис на проектот:

### Носител на проектот:
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Проектени партнери:
- Општина Струмица
- Општина Босилово
- Општина Ново Село

### Времетраење:
- 8 месеци

### Финансиран од:
- Биро за регионален развој
- Министерство за локална самоуправа
- Општина Струмица

### Цел на проектот:
- Развој на патна инфраструктура за поврзување на селата Муртино и Еднокуќево

### Контакт:
Ристо Чивчиев
Ул. “Боро Цони” Бр.10
2400 Струмица
Моб. 070/238-949
Тел/Факс 034/340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk



### Цели на проектот:

- Подобрување на локална патна инфраструктура во Југоисточниот плански регион;
- Подобрување на условите за живот во населените места во овој микро регион;
- Олеснет пристап до откупни пазари и стока;
- Олеснет пристап до туристичките локалитети кои се наоѓаат во близина на овој микро регион;

### Резултати од проектот:

- Изградена локална патна мрежа во должина од околу 1390 м која ги поврзува населените места с.Муртино-с.Еднокуќево.